Здружение на инженери за заштита ТУТЕЛА, Скопје

Association of Safety Engineers TUTELA, Skopje

**До**

**Државен инспекторат за труд**
**ДИРЕКТОР**

**Скопје**

**Предмет:** Одбележување на Светскиот ден на безбедност и здравје при работа

Почитувани,

Во програмата на планирани активности на Здружението на инженери за заштита ,,Тутела", Скопје, за 2019 година, е и одбележувањето на 28ми Април, Светскиот ден на безбедност и здравје при работа.

Водејќи се од основните цели на Здружението од самото формирање, базирани на меѓусебна соработка, почит и поддршка на сите чинители во интерес на областа безбедност и здравје при работа, Ви го доставуваме овој допис.

Имено, Светскиот ден на безбедност и здравје при работа, во 2019 година е недела, неработен ден од работната седмица и прв ден од верскиот празник Велигден (православна вероисповед).

Имајќи предвид дека голем број на граѓани ќе ги спојат неработните денови (поради верскиот празник Велигден и денот на трудот 1 Мај) и ќе заминат на неколкудневен одмор, може да се случи Светскиот ден на безбедност и здравје при работа 28ми Април, да остане во сенка на претходно наведените настани. Поради тоа, Ви се обраќаме со прашање, дали постои расположение од Ваша страна, во соработка со другите чинители од областа, за заедничко одбележување на Светскиот ден на безбедност и здравје при работа.

Би напомenале дека Допис, со слична содржина, за заедничко одбележување на Светскиот ден на безбедност и здравје при работа е испратен и до Здруженијата од областа безбедност и здравје при работа, Министерството за труд и социјална политика и Националниот совет за безбедност и здравје при работа.

Целта ни е заеднички, сите да се обединиме во одбележувањето на Светскиот ден на безбедност и здравје при работа и преку заедничка промоција на областа да го потврдиме

значењето на безбедноста и здравјето на вработените како движечка сила и напредок на економијата на Република Македонија.

Врз основа на погоре изнесеното, предлагаме формирање на работна група, составена од претставници од Министерството за труд и социјална политика, Националниот совет за безбедност и здравје при работа, Државниот инспекторат за труд и Здруженијата од областа безбедност и здравје при работа (ЗЗПР на општина Битола, МЗЗПР, ЗБР 28 Април и ЗИЗ Тутела, Скопје) која ќе изготви усогласена програма за одбележување на Светскиот ден на безбедност и здравје при работа, а како ден на одбележување го предлагаме среда (24.04.2019 г.).

Би Ве замолиле во интерес на планирање на нашите активности по повод 28ми Април, да ни доставите повратна информација дали предлогот е прифатлив за Вас, најдоцна до петок 15.02.2019 година, на е mail ziztutela@gmail.com или contact@tutela.org.mk .

Со искрени желби за успешна соработка,

Скопје,

28.01.2019 година

**ЗДРУЖЕНИЕ НА ИНЖЕНЕРИ ЗА ЗАШТИТА**
**ТУТЕЛА, СКОПЈЕ**
**П Р Е Т С Е Д А Т Е Л**

Здружение на инженери за заштита ТУТЕЛА Скопје

М-р Дејан Ангеловски

**Здружение на инженери за заштита Тутела**
Ул.Никола Тесла бр.8
Скопје 1000, Македонија
contact@tutela.org.mk
www.tutela.org.mk

**Association of Safety Engineers Tutela**
Str.Nikola Tesla 8
Skopje 1000, Macedonia
international@tutela.org.mk